Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 20 април 2021 година

Скопје, април 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше членот на Владата доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

    - Агенда Европа дома

- **Информација за степенот на реализација на мерките за борба против корупција**

- **Степен на реализација на капитални инвестиции**

    - Известување на Министерството за финансии во врска со постапувањето на институциите по Заклучокот од 65-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 13-ти април 2021 година по Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела и Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, со Акциски план

- **Законодавна агенда утврдена согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година за период 1.1.2021 - 30.6.2021 година**

1. Записник од Триесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 19 април 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 19 април 2021 година

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали

3. Барање за спроведување на постапка продажба на недвижен имот - станбен простор во сопственост на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, со Предлог-одлука

4. Информација за Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, Годишна сметка за 2020 година и Ревизорски извештај за финансиското работење изготвен од независниот ревизор Друштвото за ревизија Ековис аудит Македонија ДОО Скопје, со Предлог-одлука

5. Информација за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлуки

6. Информација во врска со потребата од утврдување на висината на надоместокот за претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнување и со Предлог-одлука

7. Информација за Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година, со Предлог-одлука

8. Информација со Правилник за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, со Предлог-одлука

9. Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука

10. Барање за спроведување на постапка за упис на правото на сопственост на недвижен имот - објект на име на Друштвото за производство, трговија и услуги Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје во Агенцијата за катастар на недвижност, а согласно Договорот за размена на имот склучен помеѓу Министерството за одбрана и Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје, ОДУ бр.45/05 од 27 мај 2005 година

11. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за давање на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со намена изградба на објекти од јавен интерес, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/4)

13. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1918/1)

14. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1883)

15. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1877/2)

16. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1884)

17. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1, со Имотен лист бр.47513)

18. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1 со Имотен лист бр.46352)

19. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1936/1)

20. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1939)

21. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за транспорт, производство и услуги Елан Транс ДООЕЛ увоз - извоз Гостивар

22. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за надворешна и внатрешна трговија Домотекс ДООЕЛ Скопје

23. Предлог-одлука за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за проектирање, инженеринг и трговија Тим-Инженеринг ДООЕЛ Скопје

24. Предлог-одлука за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за изградба и управување на соларни централи Дим-МТ ДОО Скопје

25. Предлог-одлука за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за изградба и управување со енергетски централи КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје

26. Предлог-одлука за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија Ген-и Сонце ДООЕЛ Скопје

27. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија Ген-и сонце ДООЕЛ Скопје

28. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија Ген-и сонце ДООЕЛ Скопје

29. Предлог-одлука за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија Солар Спектар АГ ДООЕЛ Скопје

30. Информација за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со Предлог-одлука

31. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

32. Предлог-одлука за прогласување на споменикот Аквадукт во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*)

34. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за пред-пристапна помош (ИПА) на Европската Унија и Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)

35. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност

36. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година

37. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година

38. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

39. Предлог-програма за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2021 година

40. Информација за изменување на Одлуката за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови, со Предлог-одлука

41. Информација за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

42. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Маркова Сушица, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Глумово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Глумово, Општина Сарај, со Предлог-одлука

44. Информација за активностите на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди

45. Информација за продажба на недвижни ствари во Општина Струмица од поранешна „Конзервна фабрика“ АД - Струмица, сопственост на Република Северна Македонија – корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

46. Информација за доставеното Барање за репрограм на долг од страна на Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“ - Скопје по основ на Анекс бр. 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27 февруари 2015 година и Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2193/1 од 27 февруари 2015 година, со текст на Анекс-договори

47. Информација за продажба на недвижни ствари во Кичево, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

48. Информација во врска со потребата за изменување и дополнување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог – решение

49. Информација со предлог за потпишување на Меморандум за разбирање (МОР) за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати, со текст на Меморандум

50. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица

51. Информација во врска со преземање активности за решавање на статусот на Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост

52. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Маврово – Маврово, со Предлог-решение

53. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Милениум Палас – Битола, со Предлог – решение

54. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Агрополог - Желино, со Предлог – решение

55. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Петрол Компани–Тетово, со Предлог-решение

56. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Вила Гранд–Битола, со Предлог-решение

57. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Пела–Охрид, со Предлог-решение

58. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Сити Палас–Охрид, со Предлог-решение

59. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Кораб Трница–Маврово и Ростуше, со Предлог-решение

60. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Сити Ин–Охрид, со Предлог-решение

61. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Венец–Дебар, со Предлог-решение

62. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Су–Охрид, со Предлог-решение

63. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Бора–Попова Шапка, со Предлог-решение

64. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Централ, Виница, со Предлог-решение

65. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Але-Дар, Кочани, со Предлог-решение

66. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

67. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба

68. Информација за именување на Стратешки координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Северна Македонија, со Предлог-решение

69. Информација за 173-та Седница на Одборот на директори на претпријатието Нафтовод Солун – Скопје - Вардакс АД, закажана за 26 април 2021 година

70. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите страни на Иницијативата за подготвеност и превенција во случај на катастрофи во Југоисточна Европа за аранжманите со земјата-домаќин за Секретаријатот на Иницијативата за подготвеност и превенција во случај на катастрофи во Југоисточна Европа

71. Предлог-програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија за период 2021-2026 година

72. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за укинување на визи на носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, со Нацрт - текст на Спогодба

73. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за укинување на визи, со усогласен текст на Спогодба

74. Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија и Националниот Акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2021-2025 и Националниот акциски план за борба против трговијата со деца 2021-2025

75. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот X и Y против Северна Македонија А.бр. 173/17, со Предлог-одлука

76. Информација за проектот „Одржување на системот Софтвер за интегрирано планирање на ресурси“

77. Информација за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежба „Trojan Footprint 21“, на територијата на Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука

78. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во кампањата на вежби во Централна и Источна Европа под името „DEFENDER EUROPE 21“, со Предлог-одлука

79. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „ALTEA“ во Босна и Херцеговина

80. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје

82. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот октомври-декември 2020 година

83. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието

84. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување Договор за заемно признавање на професионални квалификации на доктори по медицина, доктори по стоматологија и архитекти во контекст на договорот за слободна трговија на Централна Европа, со Нацрт - текст на Договор

85. Предлог-одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации

86. Годишен извештај на ректорот за работењето на Универзитетот во Тетово, во академската 2018/2019 година

87. Иницијатива поднесена од политичката партија ЛЕВИЦА од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.14/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021)

88. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6067 за КО Радишани КП бр.3174, со дополнување

89. Понуда од нотар Маја Колева од Кратово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4667 за КО Кратово на КП бр. 1073 дел 0

90. Понуда од нотар Менче Златковска од Кочани за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20219 за КО Кочани на КП бр. 13262

91. Барање на мислење од нотар Катерина Митревска од Скопје, заради спроведување на договор за размена на недвижен имот, со Имотен лист бр.1931 за КО Чаир, на КП бр.34 и Имотен лист бр.93546 за КО Чаир, на КП бр.37, каде како косопственик се јавува Република Северна Македонија

92. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на ден 20.4.2021 година, доставено под И.бр.2986/2020 од 31.3.2021 година

93. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба доставен под И.бр.351/17 која ќе се одржи на 21 април 2021 година за КО Карпош

94. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување кај пристапување кон извршување, доставен под И.бр.573/21 од 1 март 2021 година за КО Гиновци

95. Кадровски прашања

96. Прашања и предлози

97. Конечен извештај за извршена ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право 17-25/15 од 12 март 2019 година“, со Акциски план

98. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Ефикасно третирање и справување со пластичниот отпад

99. Конечен извештај за извршена ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на тема „Квалитет на воздух - Кооперативна ревизија“ бр.12-263/1 од 12 февруари 2018 година

100. Информација во врска со Одлука за давање на користење на недвижен имот - шестоседа жичара на Попова Шапка сопственост на АД ЕСМ-Скопје на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, УО бр.02-355/187/2 од 1.2.2021 година, донесена од Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Договор за давање на правото на користење на недвижни ствари арх.бр. 03-466/1 од 4.2.2021 година, склучен помеѓу АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје како давател на ствarta и Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, како корисник

101. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

102. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

103. Информација за изменување и дополнување на Финансискиот план на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје за 2021 година

104. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2020 година

105. Извештај за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2020 година

106. Акциски план изработен согласно препораките дадени од страна на Државниот завод за ревизија во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле Скопје

107. Информација за имплементација на Акцискиот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2020 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим (вклучително и Малта), Венеција, Виена, Љубљана и Загреб

108. Информација за склучување на Колективен договор за високо образование и наука, со текст на Колективен договор

109. Предлог-одлука за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа

110. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

111. Информација за планирани активности за дигитализација во судството за 2021 година

112. Информација за потребата од давање согласност за префрлање на средства од пренесен вишок на приходи од минати години по основ на блок - дотација за средно образование на сметка Буџет на Град Скопје

113. Информација за Извештајот на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија - Петти круг на евалуација (на тема: „Спречување на корупција и промоција на интегритет кај централната власт - највисоките извршни функции - и органите за спроведување на законот")

114. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци, по скратена постапка

115. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Долно Коњаре", Општина Петровец

116. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр. 277 Воденешница, бр. 123 Крива Река, бр. 407 река Пена и бр. 349 Блатечка Река

117. Информација за исплата на пензии за месец април 2021 година

118. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/21 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог – решение

119. Предлог - договор за купопродажба на недвижен имот

120. Информација во врска со одржување на XXIII-та седница на Собрание на акционери на ГА-МА АД – Скопје (XV-то Годишно собрание) закажано за 26 април 2021 година

121. Информација за итно постапување на институциите за непречена реализација на инвестиции во технолошките индустриски развојни зони

*

*   *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

  - Агенда Европа дома

Владата ја разгледа Агендата Европа дома (статус 20.4.2021 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на реализација за мерката Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи (колку институции имаат назначено лице), најдоцна до 23.4.2021 година.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на реализација за мерката Изготвување на годишна Антикорупциска програма (колку институции имаат донесено програма), најдоцна до 23.4.2021 година.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на реализација за мерката Воспоставување на механизам за координација на институциите за борба против корупција (број на одржани состаноци со ДКСК, број на добиени и реализирани препораки), најдоцна до 23.4.2021 година

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да достават информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на реализација на мерката Интеграција на базите од матична евиденција за конечна функционалност на системот на издавање електронски изводи, најдоцна до 23.4.2021 година

5. Се задолжува Министерството за здравство да достави согласност за објавување на Извештајот за спречување на тортура до Министерството за надворешни работи и Министерството за правда најдоцна до 23.4.2021 година.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за статусот на реализација за мерката Задолжително објавување на предлог законите на ЕНЕР, пропратени со ПВР извештај (број на објавени закони во Q1 2021), најдоцна до 23.4.2021 година.

7. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси да достават дополнителни мерки за активноста Дигитализација на регистри и услуги (низ администрацијата) за бизниси и граѓаните до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 27.4.2021 година

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да предложи нов рок за реализација на мерката Донесување на Национална програма за контрола на загадувањето на воздухот за 2020-2030 до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 23.4.2021 година.

Истовремено, во врска со заклучокот од 57-та седница на Владата, одржана на 23 март 2021 година, донесен по материјалот Агенда Европа дома, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи информираше дека во Министерството се преземаат активности за надминување на прашањето со функционирање на Националниот комитет за интегрирано гранично управување и за десет дена до Владата ќе достави информација.

- **Информација за степенот на реализација на мерките за борба против корупција**

1. Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за дигитализација на процесите, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон, со заклучок истото претходно да се дополни со член и заменик член од Министерството за одбрана.

2. Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 20.4.2021 година, како материјал за информирање.

- **Степен на реализација на капитални инвестиции**

- Известување на Министерството за финансии во врска со постапувањето на институциите по Заклучокот од 65-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 13-ти април 2021 година по Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела и Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, со Акциски план

Владата ги одложи од разгледување за наредната седница Известувањата на Министерството за финансии во врска со постапувањето на институциите по Заклучокот од 65-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 13-ти април 2021 година по Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела и Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, со Акциски план и притоа заклучи:

- Се задолжуваат сите министерства и други институции задолжени по информациите, веднаш да постапат по задолженијата и да го информираат Министерството за финансии за статусот на своите проекти кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија и за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, а Министерството за финансии на наредната седница да ја информира Владата за ова.

- **Законодавна агенда утврдена согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година за период 1 јануари 2021 година – 30 јуни 2021 година**

Владата заклучи:

Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за финансии, да се измени и тоа:

- рокот за доставување на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на “Проектот за изградба на автопатска делница Кичево – Гостивар за делница Кичево - Букојчани кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, кој е планиран да се разгледува од Владата во март 2021 година, да се помести за јуни 2021 година;

- рокот за доставување на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Проект за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција кој ќе се склучи меѓу Европска инвестициона банка и АД МЕР, кој е планиран да се разгледува од Владата во март 2021 година, да се помести за јуни 2021 година;

- Предлогот на закон за вршење на сметководствени работи да се достави до Владата до мај 2021 година;

- рокот за доставување на Предлогот на закон за ревизија, кој е планиран да се разгледува од Владата во април 2021 година, да се помести за јуни 2021 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (четврта измена), да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

Истовремено, Владата заклучи дека е потребно за сите барања за измени на Законодавната агенда навремено да се информира и Секретаријатот за европски прашања.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Триесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 19 април 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 19 април 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Триесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 19 април 2021 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во врска со потребата од продолжување на постојните наредени мерки од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена кои се со важност до 20 април 2021 година (вторник), да продолжат да се применуваат до 27 април 2021 година (вторник).

3. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за додавање исклучок од забраната за организирање, одржување и присуство/учество на секаков вид на семинари, обуки, работилници, курсеви, конференции и други настани од ваков тип за обуките кои ќе ги спроведува Министерството за образование и наука за наставниот кадар, а се однесуваат на континуиран и непречен тек на образовниот процес во основното и средното образование и по наменски протоколи.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за реализација на државните и меѓународните тестирања во основните и средните училишта, со задолжително почитување на Протоколот за постапување при реализација на државните и меѓународните тестирања во основните и средните училишта од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и Државниот испитен центар.

5. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да се дозволи организирање и одржување на пионерски, кадетски и младински спортски натпревари, како и професионални спортски натпревари, без

присуство на гледачи/публика, исклучиво по наменски одобрени протоколи и по претходно извршено PCR тестирање пред одигрување на натпреварот од страна на клубовите.

6. Се задолжува Министерството за здравство и Комитетот за имунизација да ги разгледаат можностите и потребите од отворање на друг дополнителен капацитет во кој ќе се врши вакцинација на населението (по примерот на СЦ Борис Трајковски во Скопје), имајќи предвид дека за претстојниот период е најавен прием на голема количина на вакцини по кој ќе следи нов бран на масовна вакцинација.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Претходно издадените дозволи за движење за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија на школите за обука на возачи, при изведување обука за ноќно возење на кандидатите за возачи, ќе продолжат да важат.

2. Оспособувањето на кандидатите за возачи од областа на укажување прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода и полагањето на испитот за прва помош, да се одвива исклучиво по наменски одобрените протоколи.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата го одложи од разгледување Барањето за спроведување на постапка продажба на недвижен имот - станбен простор во сопственост на АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје, со Предлог-одлука за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата предлагачот да достави процена од Бирото за судски вештачења.

Исто така, предлагачот да го преработи текстот на Предлог-одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на Акционерското друштво за поштенски

сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, согласно член 4 став (3) од Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, Годишна сметка за 2020 година и Ревизорски извештај за финансиското работење изготвен од независниот ревизор Друштвото за ревизија Ековис аудит Македонија ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за работата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлуки и изјави и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Даде Изјава за преземање на нов влог, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

5. Даде Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од утврдување на висината на надоместокот за претседателот и члeновите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнување и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за определување на

висина на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа Барањето за спроведување на постапка за упис на правото на сопственост на недвижен имот - објект на име на Друштвото за производство, трговија и услуги Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје во Агенцијата за катастар на недвижност, а согласно Договорот за размена на имот склучен помеѓу Министерството за одбрана и Еуро Актива ДОО експорт-импорт Скопје, ОДУ бр.45/05 од 27 мај 2005 година и ја задолжи Агенцијата за катастар на недвижности во целост да ја спроведе Одлуката на Владата на Република Македонија бр.23-3136/1 од 30 август 2004 година и Договорот за замена на недвижен имот и за пренесување на право на користење на недвижниот имот, заведен во Министерството за одбрана под бр. 03-4712/1 од 15 септември 2004 година и да изврши упис на недвижностите во јавните книги за запишување на права на недвижностите.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за давање на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со намена изградба на објекти од

јавен интерес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство и промет ХЕЦ 277 ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/4), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1918/1), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1883), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1877/2), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1884), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 17**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1, со Имотен лист бр.47513), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата од разгледување Предлог-одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1 со Имотен лист бр.46352) за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1936/1), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1939), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за транспорт, производство и услуги Елан Транс ДООЕЛ увоз - извоз Гостивар, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за надворешна и внатрешна трговија Домотекс ДООЕЛ Скопје, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 23

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за проектирање, инженеринг и трговија Тим-Инженеринг ДООЕЛ Скопје, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за транспорт и врски, а потоа материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 24

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за изградба и управување на соларни централи Дим-МТ ДОО Скопје, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за транспорт и врски, а потоа материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 25

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за изградба и управување со енергетски централи КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за транспорт и врски, а потоа материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 26

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија Ген-и Сонце ДООЕЛ Скопје,

поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за транспорт и врски, а потоа материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 27

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија Ген-и сонце ДООЕЛ Скопје, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски, а потоа материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 28

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија Ген-и сонце ДООЕЛ Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски, а потоа материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 29

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија Солар Спектар АГ ДООЕЛ Скопје и условно ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија Солар Спектар АГ ДООЕЛ Скопје, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за продажба на одземен недвижен имот на трето јавно наддавање, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за прогласување на споменикот Аквадукт во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Борче Хаџиев, директор на Бирото за јавни набавки.

**Точка 34**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за пред-пристапна помош (ИПА) на Европската Унија, во предложениот текст и

2. Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата условно ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година, доколку претходно се направи пренамена на средства во рамки на буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во врска со финансирањето на оваа програма.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Одлуката за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица и услужен центар) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Маркова Сушица, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Маркова Сушица, Општина Студеничани, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Глумово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Глумово, Општина Сарај со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Глумово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Глумово, Општина Сарај, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за активностите на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди и го усвои со следниве заклучоци:

1. Владата во интерес на граѓаните и општините и наложува на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да

продолжи да постапува по сите пристигнати предмети адресирани до Комисијата и во периодот помеѓу разрешување на претходниот состав на Комисијата и именувањето на новиот состав на Комисијата и по предметите кои биле примени, а неразгледани од претходниот состав на Комисијата во рокот предвиден со член 146 од Законот за заштита и спасување.

2. Да се дополни Решението за именување на претседател, секретар и членови на Комисијата за проценка и утврдување на штетата од елементарни непогоди и тоа со:

- Жаклина Недељковиќ од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и истата да се именува за секретар на Комисијата, а досегашниот секретар да се именува за член на Комисијата;

- член од Државен завод за статистика, номиниран во рок од 5 дена.

Решението да се смета за донесено на оваа седница на Владата.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Општина Струмица од поранешна „Конзервна фабрика“ АД - Струмица, сопственост на Република Северна Македонија – корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Општина Струмица, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за доставеното Барање за репрограм на долг од страна на Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“ - Скопје по основ на Анекс бр. 1 кон Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27 февруари 2015 година и Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2193/1 од 27 февруари 2015 година, со текст на Анекс-договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии по уплатата на долгот по основ на законската казнена камата заради ненавремено плаќање на доспеаните 11 месечни рати пресметана заклучно со 15 февруари 2021 година, а која изнесува 386.771,00 денари од страна на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“-Скопје да склучи Анекс бр. 2 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27 февруари 2015 година со Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“-Скопје заради регулирање на долгот на начин и во износ како што е утврдено во оваа информација и во Предлог – Анексот бр. 2 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2192/1 од 27 февруари 2015 година, склучена помеѓу Република Северна Македонија - Министерство за финансии и Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“- Скопје, прилог кон оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за финансии по уплатата на долгот по основ на законската казнена камата заради ненавремено плаќање на доспеаните 11 месечни

рати пресметана заклучно со 15 февруари 2021 година, а која изнесува 499.673,00 денари од страна на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје"-Скопје да склучи Анекс бр. 1 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2193/1 од 27 февруари 2015 година со Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје"-Скопје заради регулирање на долгот на начин и во износ како што е утврдено во оваа информација и во Предлог – Анексот бр. 1 кон Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг бр.11-2193/1 од 27 февруари 2015 година, склучена помеѓу Република Северна Македонија - Министерство за финансии и Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје"- Скопје, прилог кон оваа информација.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Кичево, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Кичево, доколку текстот на истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за изменување и дополнување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување и дополнување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за потпишување на Меморандум за разбирање (МОР) за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати, со текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединети Арапски Емирати.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање (МОР) за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединети Арапски Емирати.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Острата Скрка" Општина Струмица, ја усвои Информацијата и ја одобри најновата Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на

минерална суровина- варовник на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Секретаријатот за законодавство, дека Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за економија формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 120 дена од денот на влегување на Одлуката за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Острата Скрка“, Општина Струмица, рок кој е надминат.

<u>Точка 51</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со преземање активности за решавање на статусот на Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на акциите по основ на државен капитал во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост, Александар Талимџиоски од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со овластениот претставник од Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост, да ги преземе сите потребни активности за реализација на одредбите од Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, согласно Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост, во соработка со овластениот претставник - генералниот директор на Друштвото да ги преземат сите потребни активности за спроведување на Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за економија да одржат состанок со претставници од Стопанска банка АД Скопје, која е најголем доверител на Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост, со цел да преговараат за висината на побарувањето и каматата.

4. Се задолжуваат Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Крешник Бектеши, министер за економија да ги водат преговорите со заинтересирани инвеститори за изготвување на прелиминарен предлог за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација и за истото да ја известат Владата.

5. Претставникот на акциите по основ на државен капитал во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост да започне постапка за стечај за купување, а доколку не се јави купувач да се оди со постапка за ликвидација на Друштвото.

Истовремено, да се имаат предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Маврово – Маврово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Маврово, со седиште во Маврово – населено место без уличен систем за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Милениум Палас – Битола, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Милениум Палас, со седиште на ул. Маршал Тито бр.48 - Битола, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди) во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Агрополог - Желино, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Агрополог - Желино, ул.101 бр.15 - Желино, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Петрол Компани–Тетово, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Петрол Компани–Тетово со седиште на ул. Скопски пат – Студена вода бб Тетово, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Вила Гранд–Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Вила Гранд–Битола со седиште на ул. Воден бр. 4-Битола, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Пела–Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Пела–Охрид со седиште во нас. Св. Стефан бб. - Охрид, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Сити Палас–Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сити Палас–Охрид со седиште на ул. Кеј Македонија бр. 31–Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Кораб Трница–Маврово и Ростуше, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Кораб Трница–Маврово и Ростуше со седиште во с. Трница – Маврово и Ростуше, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Сити Ин–Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сити Ин–Охрид со седиште на Бул. Македонски просветители бб. – Охрид, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Венец–Дебар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Венец-Дебар со седиште на ул. 8-ми Септември бб–Дебар, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.“

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Су–Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Су–Охрид со седиште на ул. Кеј Македонија бр. 91А–Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Бора–Попова Шапка, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Бора–Попова Шапка со седиште во с. Лисец, Тетово, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Централ, Виница, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Централ, Виница со седиште на ул. Пионерска бр. 2, Виница, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Але-Дар, Кочани, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Але-Дар, Кочани со седиште на ул. Лазар Андонов бр. 71 Кочани, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за именување на Стратешки координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Северна Македонија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за назначување на Стратешки координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за 173-та Седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун – Скопје – Вардакс АД, закажана за 26 април 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 2. да биде ЗА по однос на „Запишување на столбовите за снабдување со електрична енергија на 12 вентилски станици на цевководот во територијата на Република Северна Македонија".

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 3. да биде ЗА по однос на „Зафати за замена на електрични столбови во вентилската станица U-390".

3. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 4. да биде ЗА по однос на „Дигитално трасирање на цевководот".

4. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 5. да биде ЗА по однос на „Тендер за Студија на геотехнички работи врз критичните точки на цевководот во територијата на Република Северна Македонија".

5. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 6, да биде ЗА по однос на „Завршување на проектите за катодна заштита".

6. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 7. да биде ПРОТИВ по однос на „Инсталирање на нов Accuload, одржување и калибрирање на мерачите (flowmeters) во индустриската зона на Солун, зафати за поврзување со влезно-излезен систем“.

7. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 8. да биде ВОЗДРЖАН по однос на „Договори за осигурување – Информирање“.

8. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на Друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на Точката под реден број 9. да гласа ЗА за одобрување на трансфер на парични средства со вкупен износ од 25.000 евра во банкарската сметка на подружницата на Друштвото (Vardax Branch Office) во Скопје.

**Точка 70**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите страни на Иницијативата за подготвеност и превенција во случај на катастрофи во Југоисточна Европа за аранжманите со земјата-домаќин за Секретаријатот на Иницијативата за подготвеност и превенција во случај на катастрофи во Југоисточна Европа, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието. За преставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници д-р Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Ценк Сејфула, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 71**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година, со Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за подготовка на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година.

2. Ја усвои Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во рок од 30 дена по усвојувањето на Програмата, да достави до Владата на Република Северна Македонија, Акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, за периодот 2021 - 2023 година.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Секретаријатот за европски прашања, Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија и водни услуги, Центарот за стручно образование и обука – Скопје и Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за укинување на визи на носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, со Нацрт- текст на Спогодба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за укинување на визи на носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт- текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар за укинување на визи на носителите на дипломатски, службени и специјални пасоши до катарската страна.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодбата.

4. Се овластува Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата доколку усогласувањето се врши по пат на преговори согласно утврдените насоки и се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за укинување на визи, со усогласен текст на Спогодбата, го усвои

Извештајот и го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Грузија за укинување на визи.

**Точка 74**

Владата ги разгледа новите текстови на Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија и Националниот Акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2021-2025 и Националниот Акциски план за борба против трговијата со деца 2021-2025 и притоа заклучи:

1. Ја усвои Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија.

2. Го прифати Националниот Акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2021-2025.

3. Го прифати Националниот Акциски план за борба против трговијата со деца 2021-2025.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот X и Y против Северна Македонија А.бр. 173/17, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (во вкупен износ од 15.000 евра во денарска противвредност, односно по 7.500 евра на секој од апликантите, кои треба да се исплатат најдоцна до 29 април 2021 година), во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот „Одржување на системот Софтвер за интегрирано планирање на ресурси " и го усвои, со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во тековната 2021 и наредната 2022 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка за проектот „Одржување на системот Софтвер за интегрирано планирање на ресурси", во вкупна вредност од 12.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 3.000.000,00 денари во 2021 година и
- 9.000.000,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните

фискални години. Потребните средства за реализација на набавката во 2021 година се обезбедени во рамките на одобрениот Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во рамките на раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежба „Trojan Footprint 21“, на територијата на Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежба „Trojan Footprint 21“ во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во кампањата на вежби во Централна и Источна Европа под името „DEFENDER EUROPE 21“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „DEFENDER EUROPE 21“ во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „ALTEA“ во Босна и Херцеговина (нов текст), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централноафриканската Република (нов текст), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 81

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот октомври-декември 2020 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, а и се укажува на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на октомври, ноември и декември 2020 година, по кои сѐ уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, во рок од пет дена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги достават извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за јануари, февруари и март 2021 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

## Точка 83

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници, Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Маја Бичиклиска, државен советник во Министерството за образование и наука.

## Точка 84

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување Договор за заемно признавање на професионални квалификации на доктори по медицина, доктори по стоматологија и архитекти во контекст на договорот за слободна трговија на Централна Европа, со Нацрт - текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт - текстот на Договорот за заемно признавање на професионални квалификации на доктори по медицина, доктори по стоматологија и архитекти во контекст на Договорот за слободна трговија на Централна Европа, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжуваат шефот и заменикот на шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување договор за заемно признавање на професионални квалификации на доктори по медицина, доктори по стоматологија и архитекти во контекст на Договорот за слободна трговија на Централна Европа.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на договорот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија во рок од 30 дена по завршените преговори на Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на договорот.

## Точка 85

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за изменување на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство, да подготви и до Владата да достави заедничко мислење по материјалот.

## Точка 86

Владата го разгледа Годишниот извештај на ректорот за работењето на Универзитетот во Тетово, во академската 2018/2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 99 став (1) Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), ректорот е должен еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот да поднесе извештај за својата работа и за работата на универзитетот, во кој е содржан и финансиски извештај.

Доставениот Годишен извештај претставува ретроспектива на сите реализирани активности на Универзитетот во Тетово во текот на академската 2018/2019 година, кои се во насока на остварување на квалитетен наставно – образовен и научно истражувачки процес на студирање.

- Нормативно-правното уредување на дејноста се одвива во согласност со Законот за високото образование, другите законски и подзаконски акти и Статутот на Универзитетот во Тетово.

- Статутот на Универзитетот во Тетово од Собранието на Република Северна Македонија, со Одлука, бр. 08-3719/1 од 26.6.2019 година има добиено позитивно мислење.

Во согласност со Статутот на Универзитетот во Тетово со приходите стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија, Универзитетот располага според критериумите и намената утврдена од ресорното министерство.

Со приходите од другите извори Универзитетот располага самостојно, во согласност со закон, Статут и актите донесени од страна на Сенатот на Универзитетот.

Врз основа на горенаведеното во врска со содржината на Извештајот за работа на ректорот на Универзитет во Тетово во академската 2018/2019 година, Владата на Република Северна Македонија укажува дека во однос на финансиското, сметководственото - материјално работење, инвестиции и развој на Универзитетот потребно е да бидат содржани и табеларни прегледи за реализираните средства во текот на фискалната 2018 и 2019 година, а не само графички прегледи на реализирани расходи и остварени приходи.

## Точка 87

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од политичката партија ЛЕВИЦА од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.14/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.19/2021), од причина што, како што се наведува во Иницијативата, овие одредби се спротивни на одредбите од член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 11, член 18, член 25, член 26, член 39, член 41 став 2, член 51, член 54 ставови 1 и 2, член 5- ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот на Иницијативата, предметниот закон е во директен судир со одредбите од три специјални закони кои задолжително се применуваат во услови

на здравствена криза, конкретно Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија” бр.29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016 и 83/2018), Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија” бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 86/2011, 149/2014, 150/2015, 37/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.257/2020), како и Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија” бр.26/2004, 49/2004, 86/2008, 85/2009, 114/2009, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018) и истиот е во судир со задолжителните норми на меѓународното право и со воспоставените интернационални стандарди на кои се повикува. Според горенаведеното, подносителот на Иницијативата бара од Уставниот суд со одлука комплетно поништување, т.е. целосна касација на побиваниот општ правен акт/закон, со ретроактивно дејство или негово укинување од причина што смета дека постојат неотстранливи формално-правни и материјално-правни причини за негова ништовност/рушливост, кои се спротивни на Уставот.

За оспорениот закон подносителот на предметната Иницијатива смета дека не е во согласност со членот 8 од Уставот во кој се наведени темелните вредности врз кои се заснова уставниот поредок, конкретно алинеите 1, 3 и 11 од истиот член кои се однесуваат на владеењето на правото, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното владеење на правото, како и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Согласно член 18 од Уставот „Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците”.

Согласно член 25 од Уставот „На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот”, а согласно член 26 „ Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување, на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето”.

Согласно член 39 од Уставот „На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите”.

Согласно член 41 од Уставот „Право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца. Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика”.

Согласно член 54 ставот 1 од Уставот „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот”, а ставот 2 од истиот член пропишува дека „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот”.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеење на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право би требало да се ценат од аспект на обезбедување податоци што се од голема важност и за статистиката кои даваат солидна основа за создавање временски серии со чија анализа се овозможува квалитетно согледување и оцена на факторите на демографскиот развој, развојот на социјалните движења, урбаниот развој и сл., во минатото, сегашноста и иднината, како и официјално пребројување на населението на територијата на земјата, од нејзините најмали географски територијални единици до ниво на држава, заедно со дефинираните демографски, социјални и економски карактеристики на вкупното население, како резултат на внимателно планирање, подготовка, тестирање, анализирање и документирање на секоја фаза и според своето општо значење, Пописот се рангира како активност од висок државен интерес уреден со посебен закон кој се усвојува од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а во склад со стандардите на Обединетите нации и Евростат, како и други меѓународни и домашни регулативи.

Целта за донесување на овој закон е да се обезбедат целосни, квалитетни, ажурни и меѓународно споредливи статистички податоци за населението, домаќинствата и становите, за задоволување на националните и меѓународните потреби на корисниците и поради тоа Пописот се смета како сериозна операција која ќе даде базична основа за подготвување на квалитетни политики за општествен и економски развој на државата, кои се од интерес за сите граѓани. Исто така, вообичаено е да се спроведува попис на секои 10 години и тоа во годините кои завршуваат на 0 или 1. Со оглед на тоа што последниот Попис беше спроведен во 2002 година, а во 2011 година беше прекинат со одлука на Владата на Република Македонија, се очекува преку имплементација на меѓународните директиви во законското решение да се обезбеди пописот во 2021 година со што би се надминала празнината настаната со неуспешно спроведениот попис и потребата на нашата држава за спроведување на ваква статистичка операција.

Правната основа за Пописот произлегува од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021), со кој се уредува содржината, подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија во 2021 година, обврските на сите органи вклучени во спроведувањето на Пописот, правата и обврските на граѓаните како даватели на податоци за Пописот, како и на сите лица вклучени во спроведувањето на Пописот и обработката на податоците по Пописот, објавувањето на резултатите од Пописот и неговото финансирање.

Согласно членот 3 од оспорениот закон „Личните податоци добиени со Пописот подлежат на заштита согласно со одредбите од овој закон, Законот за државната статистика и прописите од областа на заштита на личните податоци”. Со одредбите од овој закон опфатени во ГЛАВА IX која гласи: КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ се гарантира сигурноста и тајноста на

личните податоци со оглед на фактот што личните податоци што ќе се приберат со Пописот претставуваат строго доверливи податоци од каде произлегува и обврската за нивна целосна заштита од страна на сите лица што директно учествуваат во сите пописни активности врз каква и да е основа. На овој начин се гарантира и заштитата од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците. Понатаму, при спроведувањето на пописот ќе се користи комбинираниот метод, што значи дека податоците за лицето ќе бидат преземени од државните административни регистри (наведени во Законот), а дел од податоците кои недостасуваат ќе бидат прибрани од попишаното лице и ќе бидат внесени од попишувачот во пописната апликација на лаптопот со кој ракува тој.

Согласно наведеното, потребно е да се истакне и за законски утврдената заштита која се однесува на податоците кои се преземаат од административни бази на податоци на институциите во државата преку кои граѓаните остваруваат одредени права. Државниот завод за статистика, како носител на статистичкиот систем во државата, според Законот за државната статистика има право да ги користи тие податоци за статистички цели.

По однос на наводите од предметната Иницијатива за непридржување кон прописите и наредбите за време на епидемија, несомнено е дека подносителот во време на поднесување на Иницијативата не бил информиран за усвојувањето на Протоколот за превентивни мерки при спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година од страна на Владата на Република Северна Македонија на 2.3.2021 година по предлог на Комисијата за заразни болести што предвидува мерки во сите три фази на Пописот. Во Протоколот се пропишани мерки и постапки кои имаат за цел минимизирање на ризикот од трансмисија на заболувањето од КОВИД-19 за сите учесници во Пописот и со тоа неспорен е фактот дека оваа статистичка операција нема да доведе до загрозување на јавното здравје. Исто така, горенаведеното се коси со наводите на подносителот за дополнително непочитување на трите специјални закони во услови на здравствена криза поради тоа што Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2.4.2021 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, по скратена постапка поради потребата од имунизација на населението во Република Северна Македонија и поради тековната состојба предизвикана од вирусот КОВИД-19, така што Пописот што требаше да се спроведе од 1 до 21 април 2021 година се одложи, односно истиот ќе се спроведува во периодот од 5 до 30 септември, оваа година.

Подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека оспорениот Закон не е во согласност со Уставот бидејќи истиот е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2021 година, а врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот истиот е прогласен и со Указ потпишан од страна на Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Дополнително, законското решение е усогласено и со меѓународната регулатива, конкретно со ЕУ Регулативата 763/2008 на Европскиот парламент и Советот, како

основна (појдовна) регулатива за европската статистика за пописите на населението и домувањето; ЕУ Регулативата 543/2017 на Европскиот парламент и Советот за утврдување на правилата за примена и техничката спецификација на белезите и нивното расчленување за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021; ЕУ Регулативата 712/2017 на Европскиот парламент и Советот за утврдување на референтната година и програмата за метаподатоци за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021; ЕУ Регулативата 881/2017 на Европскиот парламент и Советот за структурата на извештајот за квалитет и техничкиот формат за доставување на пописните податоци за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021; ЕУ Регулативата 1799/2018 на Европскиот парламент и Советот за дисеминација на одбрани белези на 1 $км^2$ за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021.

Оттука, законодавецот, по разгледување на сите теоретски и практични причини, како и мислењата и принципите на Европската Унија за спроведување на Пописот со цел целосна хармонизација на домашното законодавство со правото на ЕУ, пристапи кон донесување на постојното законско решение. Оттаму, обврската за хармонизација на законодавството на Република Северна Македонија со правото на ЕУ е вградена во членот 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Со донесувањето на Деловник на Собранието на Република Македонија во јули 2008 година, во членот 135 е предвидено дека содржината на секој предлог-закон со кој се врши усогласување треба да содржи и податоци за изворниот акт на Европската Унија со полн назив, број и датум како и Изјава за усогласеност. Исто така, овие предлог-закони во моментот кога ќе влезат во собраниска процедура се означуваат со знамето на Европската Унија, како знак што ги прави да се разликуваат од останатите.

Освен тоа, наводите на подносителот на Иницијативата дека во оспорениот Закон нема никакви законски дефиниции за поимно определување на поимите употребени во Законот и дека не се користи воедначена терминологија усогласена со меѓународните пописни стандарди, не се издржани со оглед дека истото е уредено со Методологијата за подготовка, организирање и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.30/2021), донесена од директорот на Државниот завод за статистика, во која детално се опфатени и образложени дефинициите и одделните поими кои што се употребуваат во пописот и нивното значење, а со тоа и Категориите на населението за кои ќе се обезбедат податоци со Пописот и прашањата содржани во пописната апликација.

Имено, во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија, при изготвување на законите, а со цел остварување на уставно загарантираното начело на владеење на правото и правната сигурност, текстовите на законите треба да бидат изготвувани согласно основните номотехнички принципи, со почитување на правната терминологија на Европската Унија, но и конзистентноста на националниот правен систем. Регулативите, како правни акти на Европската Унија, се директно применливи за земјите-членки, во согласност со принципите на супремација и директна

применливост. Меѓутоа, без оглед на директната применливост на регулативите, нивната примена е често невозможна без донесување на национални правни акти, како на пример определување на надлежен орган за постапување по надзор, донесување на одлуки за ефикасно спроведување на одредбите од регулативите и слично. Со оглед дека Република Северна Македонија сеуште не е земја-членка на Европската Унија, во процесот на пристапување регулативите се транспонираат на ист начин како и директивите, а по пристапувањето на Република Северна Македонија истите ќе бидат директно применливи.

Исто така, наводите на подносителот на Иницијативата дека нема утврдено релевантна научна методологија која се применува во сите земји членки на ЕУ и дека не е дадена формата и содржината на образецот на пописниот прашалник кој треба да се пополни, не се издржани од аспект на тоа што предметните прашања се предмет на уредување на подзаконски акти за кои е дадено овластување во Законот. Имено, согласно член 17 став (2) од оспорениот Закон, директорот на Државниот завод за статистика пропишува Методологија за Пописот со дефиниции на единиците што се попишуваат и белезите за кои се прибираат податоци, ја пропишува содржината на електронските пописни обрасци согласно со пропишаната Методологија за Попис, утврдува упатства и други инструменти за организација, спроведување и обработка на Пописот, како и утврдува Правилник за формите, техниката и начинот на обезбедување на безбедност и заштита на личните податоци од Пописот.

Улогата на подзаконските акти е всушност во функција на непосредно и правилно извршување на законите, односно со подзаконските акти нормирањето продолжува таму каде што законското нормирање завршува. При тоа, за да може да се донесе еден подзаконски акт, во законот мора да е утврдено јасно законско овластување за донесување на конкретниот подзаконски акт, што е сторено со наведениот член од Законот.

Оттука, имајќи предвид дека по поднесување на предметната Иницијатива законодавецот изврши соодветно изменување и дополнување на Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/21), согласно кое спроведувањето на Пописот се одложува од 1 до 21 април 2021 година за 5 до 30 септември 2021 година, како и одделни прашања за кои подносителот смета дека не се уредени во оспорениот Закон се утврдени во подзаконските акти кои произлегуваат од предметниот Закон, се цени дека не може да се постави прашањето за согласност на оспорениот Закон во целина со одредбите на Уставот и законите на кои се повикува подносителот во Иницијативата.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот Закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за управување со кризи, Законот за заштита на населението од заразни болести, Законот за заштита и спасување и задолжителните норми на меѓународното право и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе решение за

неповедување на постапка за оценување на уставноста на Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/2021).

**Точка 88**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот, со дополнување, со Имотен лист бр.6067 за КО Радишани КП бр.3174 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маја Колева од Кратово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4667 за КО Кратово на КП бр. 1073 дел 0 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 90**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Менче Златковска од Кочани за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20219 за КО Кочани на КП бр. 13262, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата мислења по Понудата да достават АД за изградба и за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката –Скопје и Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 91**

Владата го разгледа Барањето на мислење од нотар Катерина Митревска од Скопје, заради спроведување на договор за размена на недвижен имот, со Имотен лист бр.1931 за КО Чаир, на КП бр.34 и Имотен лист бр.93546 за КО Чаир, на КП бр.37, каде како сосопственик се јавува Република Северна Македонија и по Барањето го усвои Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 92**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на ден 20.4.2021 година, доставено под И.бр.2986/2020 од 31.3.2021 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 93**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба доставен под И.бр.351/17 која ќе се одржи на 21 април 2021 година за КО Карпош и по истото го усвои негативното Мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 94

Владата го одложи од разгледување Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување кај пристапување кон извршување, доставен под И.бр.573/21 од 1 март 2021 година за КО Гиновци за наредната седница на Владата поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да достави мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Истовремено, Владата изрече укор на раководството на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје заради непостапувањето по заклучоците на Владата и укажува доколку до наредната седница на Владата Акционерското друштво не достави мислење по материјалот ќе се отвори постапка за разрешување на органот на управување во институцијата.

## Точка 95

1. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

2. Владата го разгледа Извештајот на Комисијата за разгледување на пријавите доставени од кандидати по огласот за именување на два члена на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и согласно член 18 од Законот за енергетика заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да го именува Лирим Сулејмани.

3. Владата ја именува Наталија Поповска за директор на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Загреб, Република Хрватска, на предлог на министерот за култура.

4. Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на предлогот за именување на заменик на директорот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

## Точка 96

1. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно

образование, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.40-4189/1 од 13 април 2021 година.

**2.** Владата ја разгледа и ја прифати Информацијата за активностите на Системот за управување со кризи поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 15 септември 2020 до 31 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да ја достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 10 април 2021 година до 16 април 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија

**4.** Владата по Барањето за изменување на Заклучок во делот за Мерката 17 од Заклучокот по Информацијата за имплементација на петтиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19, бр. 40-17/64 од Точка 100 Прашања и предлози, од Шеесет и четвртата седница на Владата, одржана на 6 април 2021 година доставено од Министерството за финансии, заклучи истиот да се измени и да гласи:

- „За мерката 17 Ревидирање на Царинскиот тарифник, се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за економија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ја интензивира работата на работната група што ги подготвува измените на Законот за Царинската тарифа со кој ќе се намалат царинските стапки на ниво на Европска Унија за најприоритетните стоки кои како суровини и репроматеријали се користат во преработувачката индустрија и по добивање на предлозите од Стопанските комори во рок од 30 дена до Владата да подготви и достави Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа.“.

**5.** Владата во врска со надоместоците за претседателите и членовите на управните и надзорните одбори, одбори за контрола на материјално – финансиското работење и совети заклучи во сите институции од јавниот сектор во кои се именуваат управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално – финансиското работење и совети висината на надоместоците на истите да биде во

износ од не повеќе од 18.000 денари за претседател и не повеќе од 15.000 денари за членовите, имајќи го предвид порастот на минималната плата и просечната плата во Република Северна Македонија.

Со донесување на Заклучокот од ставот 1 престанува да важи заклучокот од точка 91 од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија одржана на 22 декември 2015 година, кој гласи:

„Владата заклучи од 1.1.2016 година да престанат да важат мерките за штедење за надоместоците за управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети.“.

По овој повод, Владата заклучи сите институции од јавниот сектор во кои се именуваат управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети, утврдувањето на надоместокот (паушалот) за членовите на управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети да бидат во апсолутен износ и тоа: 12.000 денари за претседател, 11.000 денари за потпретседател или заменик претседател и 10.000 денари за членови.

Доколку институциите од јавниот сектор во кои се именуваат управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети, немаат доволно финансиски средства, висината на надоместокот за претседателот, заменикот на претседателот и членовите на управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење и совети, може да ја прилагодат согласно финансиските можности на институцијата, но висината на надоместокот може да биде најмногу до 12.000 денари за претседател, 11.000 денари за потпретседател или заменик претседател и 10.000 денари за членови.“.

**6.** Владата го разгледа Известувањето во врска со покачувањето на нивото на цените на сончогледовото масло за јадење од „Витаминка“ АД Прилеп и притоа констатира дека покачувањето на цените е резултат на надворешни фактори, односно поради зголемувањето на цената на суровините потребни за производство на сончогледовото масло за јадење.

- По овој повод Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Крешник Бектеши, министер за економија да ја разгледаат можноста за обезбедување на суровини (сув сончоглед) од стоковните резерви и до Владата да достават соодветен предлог кој би се разгледал на посебна седница на Владата со цел надминување на ова прашање, односно намалување на цената на сончогледовото масло за јадење.

**7.** Владата на предлог на Комисијата за приватизација:

1. Ја разреши Тања Чачарова - Илиевска од должноста претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост.

2. Го именува Александар Талимџиоски за претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп во државна сопственост.

**8.** По повод Известувањето од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со подготовка на Национална стратегија за вештачка интелигенција, Владата заклучи:

- Се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој да прибави номинации и до Владата да достави Предлог-решение за формирање на Работна група за изготвување на Национална стратегија за вештачка интелигенција.“

**9.** По повод Барањето на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за измена на Заклучок, доставено под архивски број 40-4710/1 од 20 април 2021 година, а во врска со Заклучокот број 3 од Нацрт-записникот од 64-та седница на Владата, одржана на 6 април 2021 година, Точка 107, Информација во врска со донесените Заклучоци по точка 7 од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година, Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по извршените анализи од страна на професори од Институт за хемија-ПМФ, со кои ќе се утврди видот на сите материи со непознат хемиски состав, до Владата да достави Информација со предлог-заклучоци за нивна дислокација и одлагање и/или метод за уништување.“.

**10.** Владата ја разгледа Информацијата за шести сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19 и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, во соработка со Министерството за финансии да изработат посебна кредитна линија во вкупен износ од 61.500.000 денари наменета за деловните субјекти од областа на емитување на радио и телевизиски програми чии шифри на приоритетна дејност се: 60.10 и 60.20 Развојна банка на Северна Македонија, со цел операционализирање на мерката број 1.

2) Се задолжуваат Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје и Министерството за финансии, во соработка со Македонската банкарска асоцијација да изработат предлог за операционализирање на мерката број 2 за субвенционирање на каматни стапки за поддршка на ликвидност на деловни субјекти кои оствариле и ја реинвестирале добивка за 2019 година.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги прибави податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на

Република Северна Македонија за сите компании кои се регистрирани со приоритетна шифра на дејност: 56.10, 56.29, 56.30, нивните просечни месечни приходи за 2019 и 2020 година, како и бројот на нивни вработени според бројот на ефективни работни часови на нивните вработени, со пресек на 6.4.2021 година.

Со апплицирање на методологијата опишана во описот на мерката број 3 се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да направи пресметка на износот за сите компании кои се регистрирани со приоритетна шифра на дејност: 56.10, 56.29, 56.30 и да изготви предлог кој Владата ќе го разгледа и усвои со цел операционализирање на мерката број 3.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за економија да објави Јавен повик преку кој ќе се реализира мерката број 4 за финансиска поддршка на категоризирани: приватни детски одморалишта, ноќни клубови, игротеки, ресторани за свадби, евент индустрија, фитнес центри, фотографи и фотографски студија.

5) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за економија да ја спроведе мерката за финансиска поддршка на туристичките агенции.

Истовремено, Владата заклучи мерката да се измени и тоа туристичките агенции со А лиценца да добијат најмногу до 5.000 евра, а туристичките агенции со Б лиценца да добијат најмногу до 2.000 евра.

6) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за култура и Министерство за економија да објави Јавен повик преку кој ќе се реализира мерката број 6 за финансиска поддршка на естрадни музичари и туристички водичи.

7) Се задолжува Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во координација со Институтот за јавно здравје да ја операционализираат мерката број 7 за бесплатни ПЦР КОВИД-19 тестови за странски туристи кои престојувале во државава.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 8 април 2021 до 14 април 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**12.** Владата го разгледа Извештајот за сознанијата и резултатите од пробното тестирање за читање со разбирање, како материјал за информирање.

**13.** Владата заклучи да го извести Собранието на Република Северна Македонија дека покрај веќе определените претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија по Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, по скратена постапка, кој е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, го определува и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

**14.** Владата ја разгледа Информацијата за подготовките на Република Северна Македонија за учество на Самитот на Обединетите Нации за системи за храна што ќе се одржи во септември 2021 година како дел од Декадата на акција за исполнување на Целите за одржлив развој, ја усвои Информацијата и го назначи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, за Национален координатор кој ќе го координира целокупниот процес за самата подготовка на Самитот, дијалогот на повеќе нивоа во државата, вклучувајќи широк обем на институции и чинители во општеството.

**Точка 97**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право 17-25/15 од 12 март 2019 година“, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Ефикасно третирање и справување со пластичниот отпад“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасно третирање и справување со пластичниот отпад“ и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, предлагачот да го предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 99

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на тема „Квалитет на воздух - Кооперативна ревизија“ бр.12-263/1 од 12 февруари 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 12-263/1 од 12 февруари 2018 година за извршена ревизија на успешност на тема Квалитет на воздух - Кооперативна ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 100

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлука за давање на користење на недвижен имот - шестоседа жичара на Попова Шапка сопственост на АД ЕСМ-Скопје на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, УО бр.02-355/187/2 од 1.2.2021 година, донесена од Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Договор за давање на правото на користење на недвижни ствари арх.бр. 03-466/1 од 4.2.2021 година, склучен помеѓу АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје како давател на стварта и Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, како корисник, како материјал за информирање.

## Точка 101

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид негативното Мислење на Министерството за финансии по материјалот.

## Точка 102

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 103

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Финансискиот план на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје планираните активности да ги реализира во рамки на веќе проектираниот износ на расходи за 2021 година.

**Точка 104**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план изработен согласно препораките дадени од страна на Државниот завод за ревизија во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле Скопје, како материјал за информирање. Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле Скопје на секои 3 месеци до Владата да доставува Преглед за степенот на реализација на Акцискиот план изработен согласно препораките дадени од страна на Државниот завод за ревизија во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Акцискиот план за периодот 1 јануари – 31 декември 2020 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим (вклучително и Малта), Венеција, Виена, Љубљана и Загреб, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за склучување на Колективен договор за високо образование и наука, со текст на Колективен договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Мила Царовска, министер за образование и наука да го потпише Колективниот договор за високо образование и наука.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства во Буџетот на Министерството за образование и наука за реализацијата на одредбите од Колективниот договор за високо образование и наука
- 44.635.000 денари во 2021 година,
- 220.716.000 денари во 2022 година и
- 347.254.000 денари во 2023 година.

## Точка 109

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа, во предложениот текст.

## Точка 110

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 111

Владата ја разгледа Информацијата за планирани активности за дигитализација во судството за 2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Советот за ИКТ во рок од 30 дена да го усогласи Акцискиот план од Стратегијата за информатичко – комуникациска технологија во правосудството 2019 – 2024 година со утврдените приоритети за 2021 година од планираните активности за дигитализација на правосудните органи.

2. Се укажува на Судскиот совет на Република Северна Македонија при дефинирањето на буџетите на судовите да се предвидат средства за одржување на опремата која ќе биде инсталирана како и за јакнење на човечките ресурси согласно потребите на судовите.

3. Се задолжува Министерството за правда да ја информира Секторската работна група за правда за планираните активности за дигитализација во правосудството за 2021 година, на три месеци

4. Се задолжува Министерството за правда да ја информира Владата на Република Северна Македонија за реализираните активности за дигитализација во судството на шест месеци.

## Точка 112

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање оогласност за префрлање на средства од пренесен вишок на приходи од минати години по основ на блок - дотација за средно образование на сметка Буџет на Град Скопје, ја усвои

Информацијата и даде согласност за трансфер на средства од пренесен вишок на приходи од минати години по основ на блок - дотација за средно образование на сметка Буџет на Град Скопје во вкупен износ од 268.334.527,00 денари.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за Извештајот на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија - Петти круг на евалуација (на тема: „Спречување на корупција и промоција на интегритет кај централната власт - највисоките извршни функции - и органите за спроведување на законот") и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, да преземе активности со цел реализација на препораките: II(i), III(ii), VI и VII дадени со Извештајот за евалуација - Петти круг.

2. Се задолжува Министерството за правда да преземе активности со цел за понатамошна реализација на препораките V и IX дадени со Извештајот за евалуација - Петти круг.

3. Се задолжува Министерството за финансии да преземе активности со цел за понатамошна реализација на препораката II (ii) дадена со Извештајот за евалуација - Петти круг.

4. Се препорачува на Државната комисија за спречување на корупцијата да преземе активности со цел за реализација на препораките II(iii), VI, VIII и IX, дадени со Извештајот за евалуација - Петти круг.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе активности со цел за натамошна реализација на препораките X, XII-XVII, XIX-XXII, дадени со Извештајот за евалуација - Петти круг.

6. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да преземе активности со цел за реализација на препораката XXI и препорака V , дадени со Извештајот за евалуација - Петти круг.

7. Се задолжува Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО во соработка со Министерството за правда, да подготват Извештај за реализација на препораките и истиот да го достават до ГРЕКО најдоцна до 30 септември 2022 година.

**Точка 114**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 3 од Предлогот на закон, во точките 4), 5) и 6), наместо зборот „договор" да стои „соодветен акт".

2. Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлогот на закон и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Миле Стојановски, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**<u>Точка 115</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Долно Коњаре", Општина Петровец, во предложениот текст.

**<u>Точка 116</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр. 277 Воденешница, бр. 123 Крива Река, бр. 407 река Пена и бр. 349 Блатечка Река и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр. 277 Воденешница согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 7 септември 2021 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр. 123 Крива Река на концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ до 15 август 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 2 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 123 Крива Река.

4. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ дека за локацијата бр. 407 река Пена согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 27 јули 2021 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

5. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр. 477 река Пена ќе се продолжи најмалку до 27 август 2021 година.

6. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр. 349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани до 12 септември 2021 година.

7. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 6 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 349 Блатечка Река.

8. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Енерџи лукс ДООЕЛ Кочани да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр. 349 Блатечка Река ќе се продолжи најмалку до 12 октомври 2021 година.

## Точка 117

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за месец април 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 23 април 2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со априлските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 26 април 2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:
- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 26 април 2021 година (понеделник );
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 27 април 2021 година (вторник);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 28 април 2021 година (среда); и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 29 април 2021 година (четврток).

**Точка 118**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.01/21 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над три хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог – решение, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст и

2. Новиот текст на Решението за формирање на комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, со заклучок Министерството за финансии да предложи член во истото.

**Точка 119**

Владата го разгледа Договорот за купопродажба на недвижен имот и заклучи:

1. Го прифати текстот на Договор за купопродажба на недвижен имот.

2. Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише Договорот за купопродажба на недвижен имот во име на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на XXIII-та седница на Собрание на акционери на ГА-МА АД – Скопје (XV–то Годишно собрание), закажано за 26 април 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Валентина Старделова, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ГА-МА АД - Скопје, да присуствува на XXIII-та седница на Собрание на акционери на ГА-МА АД – Скопје закажано за 26 април 2021 година во 11,00 часот. Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА", и тоа по однос на точките: 1. Избор на претседавач на Собранието; 2.Верификација на списокот на присутни акционери односно полномошници на акционери; 3. Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување (кворум) на Собранието на друштвото и 4. Избор на бројач/и на гласови.

3. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:

4. За точка 1

1.1.

„ЗА“ по однос на Предлог-одлуката за усвојување на Годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година.

„ЗА“ по однос на Предлог-одлуката за распоредување по Годишната сметка на Друштвото.

„ЗА“ по однос на Предлог-одлуката за плаќање дивиденда по Годишната сметка на Друштвото за 2020 година (Дивиденден календар).

1.2.

„ЗА“ по однос на Предлог-одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Одборот на директори за работењето на ГА-МА АД – Скопје во 2020 година.

1.3.

„ЗА“ по однос на Предлог-одлуката за усвојување на Извештајот на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од извршената контрола над управувањето со Друштвото и изјаснување за резултатите од извршената ревизија на финансиските извештаи во 2020 година.

„ЗА“ по однос на Предлог-одлуката за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2020 година.

5. За точка 2:

„ЗА” по однос на „Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година“.

6. За точка 3:

„ЗА“ по однос на Предлог-одлука за престанување на функцијата член на Одборот на директори на ГА-МА АД - Скопје на Радко Манов.

„ЗА“ по однос на Предлог-одлуката за избор на член на Одборот на директори на ГА-МА АД – Скопје.

<u>Точка 121</u>

Владата ја разгледа Информацијата за итно постапување на институциите за непречена реализација на инвестиции во технолошките индустриски развојни зони и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони итно да достави до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи список со лица за кои е потребно итно постапување за издавање на одобрување за регистрација на лица за вршење на работа согласно член 13, став 1 од Законот за вработување и работа на странци.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да достави копија од ова известување до компанијата Дура, како и други засегнати компании во технолошките индустриски развојни зони, а со цел непречено реализација на работите предвидени со член 13, став 1, точка 1 од Законот за вработување и работи на странци.

3. Се задолжуваат Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи, како и останати институции вклучени (по потреба) во постапката итно да постапат по доставените барања за регистрација на лица за вршење на работа согласно член 13, став 1 од Законот за вработување и работа на странци, а за компаниите кои вршат дејност во технолошките индустриски развојни зони.

4. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи за сите евентуални отворени прашања во постапките за регистрација на лица за вршење на работа согласно член 13, став 1 да обезбедат информации/мислење од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од аспект на текот на постапките за реализација на предвидени инвестиции (набавка и инсталација на опрема, како и сите активности поврзани со воведување на нова линија во работа) на компаниите во технолошките индустриски развојни зони.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |

Подготвил: м-р Марија Арсова
Контролирал: Зоран Брњарчевски
Согласен: Снежана М. Пендовски
Љубица Р. Димовска
Одобрил: Дејан Јакимовски